# Кирил и Методиј

ИЗРАБОТИЛЕ: ЛИНА НИКОЛОВСКА И НЕДА СТЕФАНОВСКА

# Свети Кирил

- Свети Кирил Солунски или Константин Философ заедно со својот брат Методиј се основоположници на словенската писменост и култура. Покрај тоа Кирил бил и учител, свештеник и епископ, кој поради неговата мудрост и дејност заедно со брата си биле нарекувани „Еднакви со Апостолите“.



# Животопис

- Константин, кој е познат со своето монашко име Кирил, за разлика од Методиј не тргнал по стапките на својот татко Лав. Тој уште од детски и ученички години својот животен пат го насочил кон совладување на наставните предмети кои подоцна му овозможиле длабоко да навлезе во тајните на повеќе научни дисциплини и да се постави како најучените луѓе на својат епоха. Лав и Марија му овозможиле на талентираниот Константин да се школува во солунските училишта во кои учеле само деца од богати семејства. Но за разлика од нив, кои повеќето од времето го поминувале во лов и слични забави, целосно се посветил на учењето и за кратко време во се ги надминал своите другари. Уште на седумгодишна возраст почнал да се итересира за филозовската наука. Во тоа му помогнало и знаењето на повеќе јазици. Покрај грчкиот јазик, кој како официјален државен јазик добро го совладал во солунските училишта, Константин го совладал и еврејскиот јазик кој го научил од своите другарчиња и солунската чаршија. Последните ученички години за Константин во Солун биле исполнети со голема тага поради смртта на татко му Лав во 841 година. Родните и пријателите на семејството на Лав и Марија не допуштиле 14-годишниот Константин да не го продолжи школувањето. Тие му овозможиле на талентираниот Константин на 15-годишна возраст да замине во Цариград и да го продолжи школувањето во прочуената Магнаурска школа, која била сместена на византискиот двор и израснала во универзитет.

# Свети Методиј

- Создавајќи ја првата словенска азбука, преведувајќи ги на старословенски најпотребните богослужбени книги и формирајќи силни следбеници, како што беа нивните ученици Климент Охридски, Константин Брегалнички и други словенски просветители, Кирил и Методиј станаа најзаслужни за словенската просвета, богослужба и култура.Со само 20 години Методиј, син на богатото семејство на Лав и Марија, многу млад се стекнал со слава во византиската армија и веќе бил познат и на царскиот двор во Цариград. Бил споредуван со Самсон (според силата) и Исус Навин (со решителноста) која ја имал на бојното поле и бил награден од царот со војводски чин и го именувал за кнез во брегалничката област во 845 година.Брегалничката мисија на Методиј била да воспостави ред и да го наметне духовното и кулутурното влијание на Византија кај Словените – Струмјани, од источните краеви на Македонија.Најмалиот брат на Методиј бил Константин. Константин се втурнал во водите на филозофијата, лингвистиката и мисионерството.Активноста на Методиј била насочена пред сѐ кон воспоставување и зацрвстување на врските со Струмјаните, но не со силата на мечот туку преку придобивањето на ова моќно словенско племе. Долгогодишната работа на Методиј во овие краишта резултирала со издавањето на т.н „Закон судњиј људим“ воен законик напишан на словенски јазик со грчки букви. Според Сергеј Троицки овој закон го смета за првенец на сета словенска литература.[1]Основниот проблем било неразбирањето на грчките букви од страна на Словените и неможноста старословенскиот јазик да се преточи со грчката азбука.



